РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SEKRETARIATI I LEGJISLACIONIT
Бр./Nr. 03-2300/1
05. 06. 2023 20 год./viti
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), а во врска со членовите 44 став (6), 72,73, 74 и 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за управување со судир на интереси и пријавување на дополнителен ангажман за службените лица во Секретаријатот за законодавство

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредува управувањето со судирот на интереси во Секретаријатот за законодавство и начинот на пријавување за дополнителен ангажман на службените лица во Секретаријатот за законодавство.

Член 2

Овој правилник се однесува на:
- секретарот на Секретаријатот за законодавство и
- вработените лица во Секретаријатот за законодавство.

## II. УПРАВУВАЊЕ СО СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

### II.1. Постапување при сомневање за постоење на судир на интереси

Член 3

Лицата од член 2 од овој правилник се должни во своето работење да внимаваат на потенцијален судир на интереси и во случај на сомневање да преземат мерки за спречување на влијанието на својот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на своите овластувања и должности.

Член 4

Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, лицата од член 2 од овој правилник, до Секретаријатот за законодавство доставуваат барање на мислење, преку писарница или преку службената електронска пошта, во кое ги образложуваат причините за сомневањето и даваат детални податоци за конкретната ситуација.

Член 5

Лицето за интегритет во Секретаријатот за законодавство го доставува барањето на мислење до Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) и по добиеното мислење од ДКСК и врз негова основа изготвува одговор во писмена форма, кој го потпишува секретарот на Секретаријатот за законодавство и се доставува до лицето кое го доставува до лицето кое го побарало мислењето.
Во случај кога барањето на мислење е доставено од секретарот на Секретаријатот за законодавство, тој одговорот на барањето на мислење го добива директно од ДКСК.

Член 6

Доколку ДКСК по конкретното барање даде мислење дека постои судир на интереси/потенцијален судир на интереси, постапувањето продолжува со постапка за изземање на лицето засегнато во конкретниот случај.

**II.2. Пријавување на состојба на судир на интереси и изземање**

Член 7

Секое од наведените лица во член 2 од овој правилник, доколку при вршењето на своите должности/јавни овластувања, се најде во ситуација да одлучува или учествува во донесување на одлука, спроведува постапка или врши други работи за кои тоа или негово блиско лице има приватен интерес, должно е да го запре со своето постапување, да го пријави постоењето на приватниот интерес и веднаш да побара да биде изземено.

Член 8

Секретарот на Секретаријатот за законодавство, постоењето на приватниот интерес го пријавува до лицето за интегритет на Секретаријатот за законодавство усно и преку службената електронска пошта.
Вработените во Секретаријатот за законодавство, постоењето на приватниот интерес го пријавуваат кај непосредно претпоставениот раководител, усно и преку електронска пошта.

Член 9

Лицето кое пријавило постоење на приватен интерес, има обврска да достави барање за изземање до Секретаријатот за законодавство (образец во прилог 1), преку писарница.
Во барањето се образложува во што се состои приватниот интерес кој доведува до состојба на судир на интереси, односно причините поради кои се бара изземање, со наведување на детални податоци/информации, за да може да се направи нивна проверка.

Член 10

Барањето за иземање преку писарница се доставува до лицето за интегритет во Секретаријатот за законодавство, кое го доставува до ДКСК и доколку таа утврди дека барањето е основано, секретарот носи решение за иземање (образец во прилог 2).
Еден примерок од решението за иземање се доставува до лицето кое побарало иземање и еден примерок се чува во конкретниот предмет.
Решение за иземање на секретарот на Секретаријатот за законодавство носи овластен државен советник.

Член 11

Во случај кога, секретарот на Секретаријатот за законодавство ќе донесе решение за иземање на претседател или член на комисија, од постапување по конкретниот предмет, комисијата во натамошното постапување расправа и одлучува без учество на иземениот член.

Член 12

Доколку по претходно добиено мислење од ДКСК, секретарот на Секретаријатот за законодавство утврди дека барањето за измемање не е основано, тоа ќе го констатира на записник, со образложување на утврдените причини и за истото ќе го извести лицето кое побарало иземање.

Член 13

Прикривањето на постоење приватен интерес и постапување спротивно на прописите кои го уредуваат управувањето со судир на интереси претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Член 14

Секретарот и вработените во Секретаријатот за законодавство, доколку дојдат до сознанија за состојба на судир на интереси кај друго лице од Секретаријатот за законодавство, имаат обврска за тоа да поднесат пријава до Секретаријатот за законодавство.

## III. ПРИЈАВУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛЕН АНГАЖМАН

Член 15

Лицата од член 2 од овој правилник, согласно член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, можат да остваруваат приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено.

Член 16

Доколку лицата од член 2 од овој правилник, имаат ангажман од кој остваруваат приход согласно член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за ангажманот се должни да го известат лицето за интегритет на Секретаријатот за законодавство, со доставување на известување (образец во прилог 3), преку службената електронска пошта.

Член 17

Лицето за интегритет има обврска да го разгледа известувањето, а во случај на сомневање на дозволеноста на ангажманот од аспект на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, да го упати лицето кое има дополнителен ангажман да побара мислење од ДКСК.

Член 18

Обрасците во прилог 1, прилог 2 и прилог 3 се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 19

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен на веб страницата на Секретаријатот за законодавство.

Секретар
на Секретаријатот за законодавство,
д-р Оливера Нечовска

Прилог 1

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), а во врска со член 75 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, го донесе следното

РЕШЕНИЕ
за изземање

Барањето за изземање бр._______од__________година, поднесено од ______________________________, __________________________, СЕ УВАЖУВА.
(име и презиме) (работно место/функција)

Лицето од став 1 на ова решение се ИЗЗЕМА од натамошно постапување/одлучување по предметот од областа на/комисијата за ____________________________________________ со бр. __________________.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

До Секретаријатот за законодавство, од страна на ______________________________,
(Име и презиме)
____________________, доставено е Барање за изземање бр. _____од _____ година.

(работно место/функција)

Во барањето за изземање лицето од став 1 од диспозитивот на ова решение бара да биде изземено поради постоење околности за судир на интереси/потенцијален судир на интереси, од следните причини: ________________________________________________________________.

Секретарот на Секретаријатот за законодавство по претходно добиено мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека наведените околности потврдуваат дека кај лицето од став 1 од диспозитивот на ова решение постои приватен интерес кој може да го доведе во состојба на судир на интереси/потенцијален судир на интереси при вршењето на неговите јавни овластувања/службени должности и се основ за изземање на лицето од натамошно постапување/одлучување по предметот наведен во став 2 од диспозитивот на ова решение.

Поради горенаведеното, а согласно член 75 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, секретарот на Секретаријатот за законодавство одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Секретар
на Секретаријатот за законодавство,

Прилог 2

ДО
Секретаријатот за законодавство

Предмет: Барање за изземање

Врска: Предмет бр.__________

Јас, ____________________, ______________________________________,
(име и презиме) (работно место/функција)

Согласно член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), барам да бидам изземен/а од натамошното постапување/одлучување по предметот од областа на/комисијата за ________________________________________,

со бр. _____, а поради постоење околности за судир на интереси/потенцијален судир на интереси.

Изземањето го барам од следните причини:
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________.

Скопје, _________година

____________________
потпис

До ________________, лице за интегритет на Секретаријатот за законодавство
(име и презиме)

Предмет: Известување за дополнителен ангажман

Од:___________________________, _____________________________________
(име и презиме) (работно место/функција)

Почитуван/а,

Согласно член 16 од Правилникот за управување со судир на интереси и пријавување дополнителен ангажман за службените лица во Секретаријатот за законодавство бр. ___________ од ______________, Ве известувам дека имам дополнителен ангажман од кој остварувам приходи:
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________.
(опис на ангажманот)

Доколку Ви се потребни дополнителни информации за ангажманот, стојам на располагање.

__________________

потпис